Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
MINISTRIA E MBROJTJES
Бр.-Nr. 01-1587/1
03 -03- 2020
Скопје, Shkup

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр.50/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19и 110/19) министерката за одбрана, донесе

**УПАТСТВО**
**ЗА НАЧИНОТ НА ОРГАНИЗИРАЊЕ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА РОДОВИ ОБУКИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА И АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1.1. Со ова Упатство се пропишува начинот на организирање и спроведување на родови обуки за вработените во Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Министерството и Армијата) од страна на сертифицираните родови обучувачи од Министерството и Армијата (во натамошниот текст: родови обучувачи), како и начинот на евалуација и анализа на спроведените родови обуки.

1.2. Ова Упатство е дел од еден континуиран процес за градење на капацитетите за интегрирање на родовата перспектива и обезбедување на родовата еднаквост.

1.3. Упатството предвидува водечки принципи за организирање и практично спроведување на родовите обуки.

1.4. Ова Упатство е наменето за родовите обучувачи и истото има родово сензитивен пристап.

## 2.ОСНОВНИ ПОИМИ И ДЕФИНИЦИИ[1]

2.1. Родова еднаквост
Родовата еднаквост значи дека различните однесувања, аспирации, потреби на жените и мажите се почитувани земени предвид, вреднувани и подеднакво потпомогнати.Тоа значи дека нивните права, одговорности и можности нема да зависат од тоа дали тие се маж или жена.

2.2. Родова рамноправност
Родовата рамноправност значи праведност при постапувањето со мажите и со жените, во согласност со нивните лични потреби, праведност особено во врска со правата, придобивките, обврските и можностите. Родовата рамноправност е засегната со

[1]Стратегија за родова еднаквост 2013-2020, Скопје 2013г.

унапредување на личната, социјалната, културната, политичката и економската рамноправност за сите. Тоа исто така значи давање еднакви можности за сите.

2.3. Родова перспектива
Родова перспектива е гледиште кон родовите разлики, потреби и интереси во секоја дадена област/активност. Општо прифаќање на родовата перспектива во процесот на проценување на импликациите на секое планирано дејство врз жените и врз мажите, вклучувајќи го и законодавството, политиките или програмите во сите области и на сите нивоа. Тоа е стратегија за прашањата и за искуствата на жените и на мажите, во настојувањето да станат интегрална димензија на дизајнирањето, спроведувањето, следењето и евалуацијата на политиките и програмитево сите политички, економски и општествени сфери, така што жените и мажите ќе имаат еднакви придобивки и нема да се продолжува со нееднаквоста. Крајна цел е да се постигне родова еднаквост.

2.4. Вклучување на родовите перспективи во главните текови (gender mainstreaming) е интегрирање на родовата перспектива во секоја фаза на процесот на градење, донесување, спроведување, следење и евалуација на политики - притоа, имајќи го предвид промовирањето и унапредувањето на еднаквоста меѓу жените и мажите. Исто така, тоа е процес на оценување на импликациите за жените и мажите од донесените и спроведените политики и активности во сите области и на сите нивоа.

2.5. Еднакви можности на жените и мажите е промовирање на начелото за воведување еднакво учество на жените и мажите во сите области од јавниот и приватниот сектор, еднаков статус и третман во остварувањето на сите права и во развојот на нивните индивидуални потенцијали преку кои тие придонесуваат во општествениот развој, како и еднакви придобивки од резултатите произлезени од тој развој.

## 3. ПРИСТАП ДО РОДОВИТЕ ОБУКИ

3.1. Родова обука е обука која обезбедува стекнувања на знаења и вредности кои што придонесуваат за ефективна имплементација на родовата еднаквост и родовата перспектива во делокругот на работењето.

3.2. Родовата обука е активност за градење на капацитетите која е важна за подигнување на свеста, зголемување на знаењата и практичните вештини за родовите прашања преку споделување на информации, техники и искуства, како и иницирање на дебата за родова еднаквост меѓу вработените во Министерството и Армијата. Целта на ваквата обука е да им се овозможи на учесниците да ги разберат различните улоги и потреби на жените и мажите во општеството, да ги оспорат структурите за дискриминаторско однесување и социјално конструираните нееднаквости, а стекнатите знаења да допринесат за интеграција на родовата перспектива во работната средина.

3.3. Родовите обуки се спроведуваат за вработените во Министерството и Армијата согласно годишните планови на Министерството, односно на Армијата.

## 4. ПРИНЦИПИ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА РОДОВИТЕ ОБУКИ

### 4.1. Планирање на родовите обуки:

4.1.1. Потребите за спроведување на родови обуки во Министерството се сублимираат во тековната година, во текот на првиот квартал од годината, а за спроведување и изведување во наредната година.

4.1.2. Потребите за родови обуки, целни групи и период/месец за нивна реализација преку Секторот за човечки ресурси се евидентираат и се планираат во годишниот план за школување, обука, стручно оспособување и усовршување и специјализации на вработените за потребите на Министерството и Армијата, кој е составен дел на годишниот план за работа на Министерството.

4.1.3. Потребите за спроведување на родови обуки во Армијата се евидентираат во годишните насоки за обуки, а потоа се планираат во годишниот календар за обуки, со одредување на целни групи и период/месец за реализација преку секциите за обука и вежби во Генералштабот, командите и единиците на Армијата.

4.1.4. По исклучок, може да се организира и спроведе родова обука по согледана или искажана потреба во Министерството и Армијата.

4.1.5. Родовите обуки може да бидат:

-*општи* (основна родова обука),

-*специјализирани* (предупатни родови обуки за лица кои се упатуваат во мировни и хуманитарни мисии надвор од земјата, брифинг по нивно враќање од мисија и други).

### 4.2. Спроведување на родовите обуки:

4.2.1. Родовите обуки се спроведуваат од страна на родовите обучувачи од Министерството и Армијата, кои што поседуваат сертификат по основ на успешно положен завршен испит на обуката за родови обучувачи, според НАТО стандарди.

4.2.2. Лицата од Министерството и Армијата кои се планираат да се упатат на обука за родови обучувачи, склучуваат договор со кој се уредуваат нивните права и обврски за спроведување на обуки за потребите на вработените во Министерството и Армијата.

4.2.3. Заради успешно спроведување на родовите обуки, по потреба може да се ангажираат други лица од земјата (внатрешни и надворешни) и од странство (за одредена тематска целина, вежби, студија на случај, пренесување искуство од учество во меѓународна мировна и хуманитарна мисија и друго).

4.2.4. На секој учесник по завршувањето на родовата обука, која што е реализирана од страна на Одделението за обуки во Секторот за човечки ресурси, му се издава потврда за учество на обуката.

**4.3. Начин на водење евиденција за учесниците на родовите обуки:**

4.3.1.Се води евиденција за учесниците на родовите обуки со следните податоци:
-реден број,
-име и презиме на учесникот на обуката,
-организациона единица на Министерството или Армијата во која што работи,
-звање/чин,
-контакт (е-маил и телефон) и
-забелешка.
Евиденцијата за учесниците на родовите обуки се води на Образец бр.1.

**4.4. Евалуација и анализа на родовите обуки:**

4.4.1. Непосредно после секоја спроведена родова обука од страна на Секторот за човечки ресурси, се врши евалуација преку прашалник со содржина:
-евалуација на родовата обука,
-евалуација на обучувачите и
-евалуација на трансферот на знаењето.
Прашалникот за евалуација и анализа на родовата обука се пополнува на Образец бр.2.

4.4.2. Со спроведување на прашалникот за евалуација се врши целокупно оценување на успешноста на родовата обука.

4.4.3. Врз основа на добиените податоци од евалуацијата, Секторот за човечки ресурси подготвува годишна анализа и ги имплементира наодите од евалуациите.

4.4.4. Секциите за обуки и вежби во Армијата подготвуваат анализа на спроведените родови обуки во Армијата, како дел од годишната анализа за реализација на плановите за обуки.

4.4.5. Годишната анализа ги содржи следните елементи: вид и број на спроведени родови обуки, број на учесници по категории, запазувајќи го и родовиот принцип, целни групи и други елементи.

4.4.6. Преку извршената анализа се детектираат научени лекции кои би се земале предвид за понатамошно успешно планирање, спроведување, изведување и унапредување на родовите обуки.

## 5.ПРАКТИЧНО СПРОВЕДУВАЊЕ НА РОДОВИТЕ ОБУКИ

### 5.1. Подготовки на обучувачите за спроведување на родовите обуки:

5.1.1. Со цел да се направи успешна обука, пред да се спроведе обуката, координаторот, односно одговорното лице за спроведување на родова обука, закажува и одржува претходен состанок за координација со родовите обучувачи со цел да се измери сегашното ниво на разбирање на учесниците за родовите прашања и да се направи проценка. Во оваа фаза исто така е важно координаторот да ги земе предвид сите потенцијални пречки за ефективна родова обука и во врска со тоа да има соодветна стратегија. Координаторот планира и одржува координативен состанок со родовите обучувачи за да ги информира за времето и местото на обуката, целната група, тематските целини и содржината на обуката која произлегува од националната и меѓународната законска рамка.

5.1.2. Се изработува План за работа на обучувачите кој што треба да содржи:

-тема,
-времетраење на обуката,
-цел,
-методологија на работа,
-аудио-визуелен материјал,
-други потребни наставни материјали и
-забелешка.
Планот за работа на обучувачите се изработува на Образец бр.3.

5.1.3. Темите за родова обука, времетраењето и местото на одржувањето на презентациите се изработуваат на Образец бр.4.

### 5.2. Дизајнирање на презентација за родова обука:

5.2.1. Родовите обуки се спроведуваат преку следните алатки: Power Point, практични вежби, студија на случај - анализа на конкретен случај кој што е релевантен за целната група, играње улоги, интерактивна дискусија и друго.

5.2.2. Обучувачите ја изработуваат тематската целина на Power Point со користење на воспоставен унифициран формат на презентација (фонт, симболи и друго) по следното:

- со единствено одредено лого во горниот дел од презентацијата, кое што се повторува на секоја страница, во еден единствен формат;
- на насловната страница, на средишниот дел стои насловот на темата со големи букви во Times New Roman, фонт 28, а во долниот дел на средината се наведува звањето/чинот, името и презимето на обучувачот кој што ја презентира тематската целина;

- на сите останати последователни страници насловите се во Times New Roman, фонт 26, а пишаниот текст со фонт 22;
- во презентациите е дозволено да се ставаат фотографии, графикони, инфо-графици со факти и бројки, табели, симболи, видео линкови и слично, кои се поврзани со тематската целина и се соодветни на родовата обука што се изведува, но истите не треба да бидат вознемирувачки и да предизвикуваат негативни реакции кај учесниците;
- презентацијата треба да биде јасна и разбирлива, да содржи предвидено време за дискусија и да не содржи премногу текст и фотографии;
- Вклучување на добри практики во содржината на обуката со цел да се осигура дека обуката е интерактивна (конкретни студии на случаи базирани на искуства од вистинскиот живот, играње улоги за вклучување на учесниците и подигнување на свеста за родовите прашања, интерактивни видеа за презентирање на различните улоги на жените во вооружен конфликт и сл.).

**5.3. Насоки за родовите обучувачи:**

5.3.1. За успешно спроведување на родовите обуки постојат повеќе насоки, но како најважни на кои што е потребно да се придржуваат обучувачите се следните:

- подготовка на анализа на целните групи кои што учествуваат на родовата обука;
- при изведување на родовата обука потребно е да се користат ресурси адаптирани за потребите на учесниците притоа имајќи ги предвид надлежностите, делокругот на работата и професионалното искуство на учесниците;
- нагласување дека обуката не се однесува само за жени туку и за мажи;
- да се користат техники и методи кои се лесно разбирливи;
- употреба на практични примери кој што се релевантни за целната група;
- по спроведените родови обуки, а најдоцна во рок од 15 дена, обучувачите задолжително да организираат состанок со цел разменување на искуства, дискусии за најчесто поставувани прашања, предизвици со кои се соочиле и слично;
- и други насоки.

**5.4. Мониторинг и ажурирање:**

5.4.1. Ажурирањето на ова Упатство ќе се врши по потреба.

5.4.2. Обрасците бр. 1, 2, 3 и 4 се дадени во прилог на ова упатство и претставуваат негов составен дел.

5.4.3. Ова упатство влегува во сила со денот на донесувањето.

Изработиле: пполк.Антониела Станковска-Будимир
Миневере Лесковица
Контролирал/Одобрил: Катерина Ставреска

**МИНИСТЕРКА ЗА ОДБРАНА**
**Радмила Шекеринска Јанковска**

Образец бр.1

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СЕКТОР ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

# ЛИСТА НА ПРИСУТНИ

*Родова обука*

*датум и година*

Место и време

Образец бр.1

| Ред. бр. | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | ОРГАНИЗАЦИОНА ЕДИНИЦА | ЗВАЊЕ/ЧИН | | КОНТАКТ | | ПОТПИС |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Административни службеници (наведете точно звање) | Воени лица (наведете ЧИН и функција) | е-адреса | Телефон | |
| 1. | | | | | | | |
| 2. | | | | | | | |
| 3. | | | | | | | |
| 4. | | | | | | | |
| 5. | | | | | | | |
| 6. | | | | | | | |
| 7. | | | | | | | |
| 8. | | | | | | | |
| 9. | | | | | | | |
| 10. | | | | | | | |
| 11. | | | | | | | |
| 12. | | | | | | | |
| 13. | | | | | | | |

Образец бр.2

Родова обука

Време

## ПРАШАЛНИК ЗА ЕВАЛУАЦИЈА

Ве молиме да го пополните овој прашалник, со што ќе дадете Ваше мислење за реализацијата на обуката. Мислењата и информациите кои ќе ги дадете, ќе ни користат за подобрување на квалитетот на следните обуки.

Прашалникот е анонимен.

| I. ЕВАЛУАЦИЈА НА ОБУКАТА | | ОЦЕНКА | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Која е вашата оценка за организацијата на обуката? | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 2. | Колку обуката ги исполни вашите очекувања? | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 3. | Колку сте задоволни од времетраењето на обуката? | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 4. | Колку сте задоволни од условите за одржување на обуката (училница,опрема,техничка поддршка и др)? | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 5. | Како ја оценувате можноста за поставување на прашања? | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 6. | Ваша оценка за содржината на презентацијата – **Презентација бр.1** | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 7. | Ваша оценка за содржината на презентацијата – **Презентација бр.2** | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 8. | Ваша оценка за содржината на презентацијата – **Презентација бр.3** | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 9. | Ваша оценка за содржината на презентацијата – **Презентација бр.4** | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 9. | Дали предходно сте посетувале обука од оваа област? | Да | | Не | | |
| II. ЕВАЛУАЦИЈА НА ПРЕДАВАЧИТЕ | | | | | | |
| 1. | Име презиме на обучувачот | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 2. | Име презиме на обучувачот | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| III. ЕВАЛУАЦИЈА ЗА ТРАНСФЕРОТ НА ЗНАЕЊЕТО | | | | | | |
| 1. | Дали стекнатите знаења ќе ви бидат корисни во вашето секојдневно работење? | Да | Не | Делумно | | |
| 2. | Дали имате обврска за подготвување извештај од учеството на обуката? | Да | | Не | | |

**Ваши дополнителни забелешки, коментари или предлози:**

________________________________________________________________

________________________________________________________________

________________________________________________________________

**Ви благодариме на соработката!**

Образец бр.3

# ПЛАН ЗА РАБОТА НА ОБУЧУВАЧИТЕ

Обучувач: ______________________

| |
|---|
| **Тема**<br>______________________________ |
| **Времетраење на обуката**<br>______________________________ |
| **Цел на Обуката**<br>______________________________ |
| **Аудио визуелни средства**<br>______________________________ |
| **Метод на работа**<br>______________________________ |
| **Други потребни наставни материјали**<br>______________________________ |
| **Целна група**<br>______________________________ |
| **Користена литература**<br>______________________________ |

**Забелешка**

___

Образец бр.4

# РОДОВА ОБУКА

време, место

| АГЕНДА | |
|---|---|
| | Отворање на обуката<br>(запознавање со планот за работа и др.) |
| 00:00 | Тема бр.1,<br>обучувач |
| | Тема бр.2,<br>обучувач |
| 00:00 | Пауза за кафе |
| 00:00 | Тема бр.3,<br>обучувач |
| 00:00 | Пауза за ручек |
| 00:00 | Тема бр.4,<br>обучувач |
| 00:00 | Пауза за кафе |
| 00:00 | Тема бр.5,<br>обучувач |
| 00:00 | Затворање на обуката (евалуација, доделување на потврди и сл.) |